ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

*Број: 02 - 4582/2*
*24.06.2010 година*
*С к о п ј е*

***ЗАПИСНИК***
***од LXXVI -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 29.03.2010 година со почеток во 10.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *М-р Маја Парнарциева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии;*

- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи;*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*На седницата присуствуваа и Стое Стојмановски, потпретседател на Лекарската комора на Македонија и Марија Накова, претседател на Стоматолошката комора на Македонија.*

*Седницата ја отвори претседателот на Управниот одбор Елена Трпковска. Утврди дека на седницата се присутни шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Објасни дека седницата е закажана како итна заради спроведување на една од мерките за консолидација на здравството во согласност со заклучоците на Владата на Република Македонија од седницата одржана на 23 март 2010 година. Потоа го изложи претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Одлука за утврдување на вредноста на поенот во примарната здравствена заштита;*
2. *Одлука за утврдување на висина на капитација за стоматолошки здравствени услуги.*

*Управниот одбор едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Одлука за утврдување на вредноста на поенот во примарната здравствена заштита;*
2. *Одлука за утврдување на висина на капитација за стоматолошки здравствени услуги.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

***ТОЧКА 1** - Одлука за утврдување на вредноста на поенот во примарната здравствена заштита*

*На почетокот на расправата, Лазар Трајчев изрази незадоволство од односот на Лекарската комора кон прашањето на утврдување на вредноста на поенот во примарната здравствена заштита, односно од изјавите во јавноста на Комората со кои Фондот се напаѓа дека планира намалување на вредноста на поенот. Во*

*Фондот поради тоа се чуствуваме повредени, особено затоа што вратите за соработка и разговори помеѓу Фондот и Комората секогаш биле отворени а доживеавме напад во јавноста без воопшто за прашањето да се разговара. Сметам дека ќе беше многу подобро и овој пат заеднички да се разговара за состојбата, како и за предложената мерка која е дел на поширок пакет на мерки за надминување на негативните состојби во здравството.*

*Потоа, претседателката Елена Трпковска му даде збор на Стое Стојмановски, потпретседател на Лекарската комора на Македонија.*

*Стое Стојмановски наведе дека зголемувањето на вредноста на поенот во 2009 година беше извршено откако две години се стабилизираше состојбата во здравството по приватизацијата на примарната здравствена заштита. Сметаме дека доколку сега се изврши намалување, тоа ќе се одрази штетно на матичните лекари. Пред за тоа да се одлучи Фондот, треба да се направи калкулација за средствата. Наведе и дека вредноста на капитациониот поен беше утврдена во 2001 година и се однесуваше само на тогашните приватни лекари, и тоа само на куративата а не и на превентивата. Потоа направи споредба на висината на средствата што тогаш се издвојувале од буџетот на Фондот и денес, како и други споредби за висината на платите во јавното здравство во 2001 година и сега, за порастот на трошоците на животот и за височината напридонесот за здравствено осигурување. Продолжи наведувајќи примери на мал број на пациенти по лекар во одредени општини, поради што и приходите на лекарите се ниски, и укажа дека со намалување на вредноста на поенот овие лекари ќе бидат уште повеќе погодени.*

*Татјана Лукановска наведе дека ситуацијата е многу сериозна. За тоа придонесува отворањето на Градската болница 8-ми септември, одлуката на Уставниот суд, проширувањето на листата на лекови на товар на Фондот. Ова како и некои други фактори влијаеа на нарушување на ликвидноста, па Фондот ги пролонгира плаќањата. Ако во моментов не се преземат чекори, веќе во април ќе бидеме соочени со алармантна ситуација. Ваквата состојба може да се надмине со зголемување на приходите или со намалување на расходите. Бидејќи на зголемување на приходите не можеме да сметаме, мора да размислуваме за намалување на расходите. Од сите можни области каде може да се изврши намалување на расходите, сметаме дека најмали последици ќе има токму намалувањето на вредноста на поенот во примарната здравствена заштита. Потоа ги изложи и симулациите за предвидените заштеди со намалување за 5 денари.*

*Елена Трковска праша дали на заштедата би се одразило евентуалното зголемување на бројот на пациенти а Татјана Лукановска одговори потврдно и додаде дека бројот на лица што немаат основ на осигурување кои се*

*пријавуваат во Фондот заради добивање на здравствена заштита е две до три илјади месечно.*

*Љубиша Каранфиловски укажа на фактот дека здравството секоја година е поскапо за 5 до 10 %. Од таму произлегува дека ако не се зголемат приходите во Фондот, неминовно е да се размислува како да се распределат расположливите средства. Во овој момент, предлогот на Владата е заради релаксирање на притосокот врз Фондот и неговата финансиска одржливост, па затоа треба да се прифати како мерка во таа насока.*

*Беким Сали обраќајки се претставникот на Лекарската комора, наведе дека и Комората е запознаена со состојбата во здравството и е повикана заедно со другите субјекти да работи на нејзино стабилизирање. Препорача сите 14 предложени мерки од Владата да се гледаат како целина и да не се акцентира само намалувањето на вредноста на поенот.*

*Страшо Наумоски пак наведе дека Комората е свесна за единството на мерките, но и дека токму од тој аспект треба да се види што ќе се постигне со другите мерки, а намалувањето на вредноста на поенот е избрзано. Ако постои криза на здравствениот систем, товарот треба да биде рамномерно распореден на трите нивоа на здравството, примарно, секундарно и терцијарно.*

*Беким Сали наведе дека имало кратења и кај болниците а сега треба и кај примарното здравство.*

*Татјана Лукановска потенцира дека секое чекање со мерките драстично ја влошува состојбата, особено зашто од донесувањето на одлуката до ефектите од неа поминуваат три месеци. Дотогаш може да се случи крах на системот а тоа ќе се одрази на сите нивоа на здравството.*

*И директорката Парнарциева - Змејкова додаде дека со сериозни мерки и активности во целокупниот здравствен систем треба да се почне веднаш. Колку порано се почне, толку поголема е веројатноста дека ќе се постигнат резултати и дека ќе нема потреба од други кратења.*

*Горан Коевски забележувајќи  дека ургентноста е ставена на примарното здравство, праша до каде е изготвувањето на медицинската мапа. Наведе оти овој значаен проект не смее да стои во место, па ако се преземаат чекори за негово финализирање оправдано е и намалувањето на вредноста на поенот како дел од пакетот мерки.*

*Страшо Наумоски нагласи дека треба да се бараат вистински, системски решенија а не козметички, и дека во тоа треба да биде вклучена и Лекарската*

*комора. Без медицинска мапа и дефиниран пакет на здравствени услуги не може да се добијат квалитетни решенија.*

*Борис Јосифовски потсети дека приходите на Фондот за оваа година се помали за 20% само заради намалувањето на стапката на придонесот. Да не беше тоа така, ќе бевме во пинаква состојба. Државата тоа го стори, па би требало товарот да го превземе поширок круг на субјекти а не само здравството. Зошто товарот треба да го превземе примарното здравство не е најјасно. Можеби зашто таму кратењето може најбрзо и најлесно да се изведе. Ако дадеме поддршка на мерките, тоа треба да е условено и со превземање на други мерки. Ако тие не се превземат, може да се вратиме назад.*

*И Горан Коевски се согласи дека оваа мерка ќе треба да се разгледа повторно откако ќе се согледаат резултатите на вкупните мерки на Владата за надминување на состојбите во здравството.*

*Во врска со тоа, Елена Трпковска предложи Управниот одбор да ја донесе одлуката за намалување на вредноста на поенот а Фондот да се задолжи да направи анализа на резултатите од пакетот мерки до крајот на годината. Овој рок оттаму што плаќањата за април ќе бидат во јуни, а се потребни барем шест месеци за да се анализираат ефектите.*

*Страшо Наумоски уште еднаш го пренесе ставот на Лекарската комора. Наведе дека комората е свесна за тешката состојба во здравството и земјата, и дека е на став дека за состојбите во здравството треба да се бараат заеднички решенија со вклучување на коморите. Сметаме дека одлуката за намалување на вредноста на поенот е избрзана и не дава решение за целокупната состојба. Би можело со 20-30 дена заедничка работа на коморите, Фондот и Министерството за здравство да се дојде до заеднички решенија.*

*На прашањето на Горан Коевски колкаво ќе биде намалувањето на вкупните средства што се исплаќаат на еден лекар со намалувањето на поенот за 5 денари, Татјана Лукановска одговори дека ќе биде 10 до 12 илјади денари.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова додаде дека ако ова намалување не се превземе, Управниот одбор веднаш треба да донесе одлуки за други намалувања кои ќе се одразат на правата на осигурениците (кај лековите, ортопедските помагала, боледувањата, лекувањата во странство).*

*На крајот на расправата, Елена Трпковска побара членовите на Управниот одбор да гласаа по предложената одлука. Елена Трпковска, Беким Сали, Горан Коевски, Борис Јосифовски и Љубиша Каранфиловски гласаа за, а Страшо*

*Наумоски против. На тој начин, Управниот одбор со мнозинство на гласови донесе*

***Одлука***
***за утврдување на вредноста на поенот во примарната здравствена заштита***

*со која вредноста на поенот се утврдува на висина од 45 денари.*

*Исто така донесе и*

***Заклучок:***
*Стручните служби на Фондот по шест месеци да ги испитаат ефектите од сите предложени мерки за надминување на состојбите во здравството од пакетот на Владата и да достават извештај до Управниот одбор со цел да се испита можноста за ново усогласување.*

*ТОЧКА 2 - Одлука за утврдување на висина на капитација за стоматолошки здравствени услуги*

*Елена Трпковска констатира дека оваа точка од дневниот ред не е подготвена за одлучување зашто е не се расчистени дилемите дали и во стоматолошката здравствена заштита треба да се спроведуваат мерки за надминување на состојбите во здравството. Поради тоа предложи да се симне од дневниот ред.*

*Останатите членови на Управниот одбор едногласно го прифатија предлогот, по што во 13.30 часот Управниот одбор заврши со работата на LXXVI -та седница.*

| | |
|---|---|
| ***Записничар,*** | ***Управен одбор*** |
| ***Христо Трповски*** | ***Претседател,*** |
| | ***Елена Трпковска*** |